# СОЦИЈАЛЕН ПЛАН НА ОПШТИНА БЕРОВО
# 2023-2026

# 1. Вовед

Надлежноста на Општина Берово од областа на социјалната заштита се реализира со Програма за социјална заштита како инструмент за вршење на социјалната функција на општината преку планирање на финансиски средства и преземање мерки за надминување на социјалните проблеми кои неповолно се одразуваат врз добросостојбата на граѓаните во локалната заедница, со цел:

- промовирање и одржување на социјалната сигурност на граѓаните,

- спречување на социјалната исклученост,

- подобрување на квалитетот на животот на граѓаните и

-зајакнување на капацитетите на граѓаните за водење независен, активен и продуктивен живот.

Со Програмата за социјална заштита општина Берово се стреми кон намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост преку јакнење на капацитетите на лицата од ранливи категории и нивна правилна инклузија во секојдневието на општината. Социјалната заштита како темел врз кој се гради стратегијата за работа со граѓаните на ниво на Локална самоуправа, е составен дел на Буџетот на Општина Берово за заштита, помош и поддршка на лицата во социјален ризик, лицата со попреченост, старите лица, Ромите, односно сите оние кои што се изложени на социјален ризик од било каков вид кој што може да има последици врз нивната добробит.

Општина Берово обезбедува вршење на дејноста на социјалната заштита во рамките на правата и должностите, како и во рамки на надлежностите на општините согласно позитивните законски прописи.

Социјалниот план на Општина Берово произлезе од неопходноста за согледување на постоечки социјални услуги во општината, со цел унапредување и развивање на постоечките социјални услуги и креирање и воспоставување на нови социјални услуги во локалната заедница кои ќе бидат во согласност со потребите на корисниците.

Со овој план се реализираат потребите за социјална заштита на ранливите категории граѓани и нивна поголема вклученост во општеството и излегување во пресрет на нивните барања. Основа за изготвување на социјалниот план од страна на Советот за социјална заштита е регулирано со член 141 од Законот за социјална заштита во кој се определени правата и должностите на истиот, кој што ја пропишува обврската за социјално планирање пред органите на регионалната и

локалната самоуправа. Документот дава преглед на досегашните достигнувања и ресурси и поставува цели и приоритети во борбата против сиромаштијата и социјалната исклученост во периодот од 2023 до 2026 година. Тој е во согласност со целите на социјалната политика поставени на европско и национално ниво.

Со цел подобрување и унапредување на социјалниот план на Општина Берово, општинската администрација во Одделението за јавни дејности врз основа на добиените податоци од спроведеното социјално мапирање, како и според потребите произлезени од работењето на здруженијата на граѓани, Совет за социјална заштита како и вклучените институции направено е ревидирање на активностите вклучени во постоечкиот социјален план.

Градоначалникот и Советот на Општина Берово се залагаат и ќе направат максимален напор во границите на своите финансиски можности, но и заложби за обезбедување на средства по разни основи да обезбедат задоволување на дел од потребите на социјално загрозените лица, лицата со попреченост, децата без родителска грижа, старите лица, инклузија на ромските деца, семејствата настрадани од елементарни непогоди.

Планот во наредниот период ќе биде соодветна рамка за дејствување од областа на социјалната заштита на нашата општина со цел подобрување на системот, во корист на сегашните и потенцијалните корисници во системот, создавање предуслови за долгорочен, фер и избалансиран развој на сите области и на целото население на општина Берово.

## 1.1 Социо-економски карактеристики на Општина Берово

Беровската котлина го опфаќа нај источниот дел од Република Македонија, помеѓу 41° 06” и 41° 53” географска ширина и помеѓу 23° 12” и 22° 37” географска должина. Општината Берово на југ се граничи со општините Ново Село, Босилово и Василево, на запад со општините Радовиш и Виница, на север со Делчево и со Пехчево, на исток со државната граница на Р. Бугарија.

Вкупната површина на општина Берово изнесува 595 км2, а се наоѓа на 800 м просечна надморска висина. Релјефот е претежно ридско-планински, а рамнински терени има само околу речното корито на реката Брегалница.

Според податоците од Пописот 2021 објавени од страна на Државниот завод за статистика, во Општина Берово бројот на вкупното резидентно население изнесува 10.890 лица, 4143 домаќинства и 8683 станови. Од вкупниот број на лица 5447 се

машки пол, а 5443 се женски пол, додека 9925 се изјасниле Македонци, од кои 4963 се мажи и 4963 жени, 339 роми, 60 турци и 1 албанец.

**Според возраст[1] поделбата на населението во општина Берово е како што следува:**

| | 2021 | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 0-14 | 15-29 | 30-44 | 45-59 | 60-74 | 75-80+ |
| **вкупно** | 1254 | 1700 | 2020 | 2385 | 2557 | 974 |

**Податоците се земени од Државен завод за статистика публикација за Вкупно резидентно население, домаќинства и станови во република северна македонија, https://www.stat.gov.mk/publikacii/2022/POPIS_DZS_web_MK.pdf*

Подрачјето на Општината Берово е утврдено со закон и ги опфаќа градот Берово и 8-те села околу него:

Митрашинци, Будинарци, Мачево, Смојмирово, Ратево, Русиново, Владимирово и Двориште.

Населението во Берово, во досегашниот развој, покажува различна динамика како во однос на вкупното движење, така и врз структурните промени и просторната разместеност. На тоа влијаеле повеќе фактори, а посебно општестено-економските услови потоа промените во етничката структура, природно-географските специфичности, миграционите движења и др. Како и во останатите градови, така и во Берово многу семејства го напуштаат градот и се преселуваат во други градови во РСМ или заминуваат надвор од државата заради подобра егзистенција. За тоа говори податокот за упис на се помалиот број на првачиња во основните училишта. Овие податоци укажуваат дека старото население е во постојан пораст над бројот на младото.

## 1.2 Законска регулатива

- ✓ Законот за социјална заштита (Службен весник на РСМ, бр. 104 од 23.5.2019 година),
- ✓ Законот за изменување и дополнување на законот за социјалната заштита (Службен весник на РСМ, бр. 146 од 17.07.2019 година),
- ✓ Програма за развој на дејноста за заштитата на децата за 2019 година (Службен весник на РМ, бр. 246 од 28.12.2018 година
- ✓ Законот за социјална сигурност за старите лица (Службен весник на РСМ, бр. 104 од 23.5.2019 година),

- ✓ Законот за заштита на децата (Службен весник на РСМ, бр. 146 од 17.07.2019 година),
- ✓ Законот за семејство (Службен весник на РМ, бр. 153 од 20.10.2014 година),
- ✓ Законот за превенција, спречување и заштита од семејно насилство (Службен весник на РМ, бр. 150 од 2.09.2015 година),
- ✓ програмата за развој на заштитата на децата во Република Македонија (Службен весник на РМ, бр. 246 од 28.12.2018 година),
- ✓ Законот за финансирање на Единиците на Локалната самоуправа (Службен весник на РМ, бр 61/04, 96/04, 67/07, 156/09 и 47/11),
- ✓ Закон за локална самоуправа (Службен весник на РМ, бр.5 од 29.01.2002година),
- ✓ Националната програма за развој на социјална заштита (Службен весник на РМ, бр. 192 од 17.10.2016 година),
- ✓ Националната политика за социјална заштита,
- ✓ други закони и подзаконски акти кои се однесуваат на социјалната, детската и здравствената заштита во Република Северна Македонија;

### 1.3. Општинска структура за спроведување на Социјалниот план

Во рамки на општинската администрација во Општина Берово, во Одделението за јавни дејности по систематизација на работни места на Општина Берово, работните задачи и обврски во областа на социјалната заштита работат Биљана Марковска, Раководител на Одделение за јавни дејности и Благица Лапевска- Виш соработник за образование, социјална и здравствена заштита. Како контакт лица одговорни за изработка на социјален план на општина Битола се м-р Биљана Марковска (контакт податоци:, е-маил: markovska.biljana@yahoo.com, телефон 071/384-771) и Биљана Каламадевска (контакт податоци; е-маил:postolova_b@yahoo.com, телефон 071/580-899).

За остварување на дејноста на социјалната заштита Советот на Општина Берово формираше Совет за социјална заштита на општината. Одлуката за формирање на Совет за социјална заштита, вклучително и неговиот состав може да го видите во Анекс бр.1, на крајот на планот.

Од страна на Градоначалникот на Општина Берово, е формиран Општински совет за социјална заштита, во кој членуваат 13 претставници од повеќе институции и здруженија на граѓани. Годишната програма за социјална заштита, се донесува врз основа на усвоениот Социјален план од страна на Општинскиот совет за социјална заштита, чија главна цел е задоволување

на потребите и интересите на граѓаните во областа на социјалната заштита, зголемување на достапноста на услугите и нивно креирање согласно потребите на најзагрозените граѓани.

При изработката на Социјалниот план на ниво на општина се мапираат социјалните проблеми кои ги имаат граѓаните во општината и главната активност преку работа на терен беше утврдување на бројот и категоријата на ранливите групи во заедницата. Социјалниот план го подготвува Одделението за јавни дејности, го разгледува Комисија за јавни дејности и го усвојува Советот на општина Берово.

## 2. Мапирање на социјалните проблеми и ранливи групи на локално ниво

За потребите на овој Социјален план беше направено социјално мапирање и беа консултирани и вклучени претставници на клучните институции, организации и здруженија на граѓани кои работат на територијата на општина Берово, а со цел да се постигне инклузивен и партиципативен процес преку кој заеднички се посветуваме на поквалитетен живот на нашите сограѓани. Секој од нив, од доменот на своето работење, придонесе со преглед и анализа на состојбите и даде предлози за потребна акција. Социјалниот план за 2023-2026 година е направен со поддршка на Ептиса.

Главната цел на социјалниот план на општина Берово е мапирање на социјалните проблеми и ранливите групи во општината, анализа на капацитетите и расположливите социјални услуги, како и специфичните потреби за развој на социјални услуги во општината креирани согласно потребите на корисниците. Во поголем број од овие области ингеренциите за политиките и за мерките се во надлежност на централната власт. Сепак, преку социјалниот план општината се стреми да ги идентификува и да понуди дополнителни мерки и услуги на локално ниво.

Социјалниот план може да биде од интерес и за здруженијата на граѓани или други заинтересирани страни што имаат можности за нудење социјална поддршка или специфични услуги за социјално ранливи категории што живеат или престојуваат на територијата на општина Берово.

Методолошкиот пристап за изработка на Социјалниот план се темели врз квалитативна методологија. Техниките што се употребени при мапирањето на социјални проблеми и ранливи групи на локално ниво за добивање на информации опфаќаат:

1) прибирање расположливи податоци од официјални статистички извори,

2) прибирање расположливи податоци од административни извори со кои располага општина Берово

3) прибирање расположливи податоци од здруженија на граѓани што работат на територија на општина Берово

### 2.1 Корисници на права и услуги на ЈУМ Центар за социјална работа

ЈУМЦСР е надлежен да постапува на подрачјето на Општина Берово како и на подрачјето на Општина Пехчево. Според евиденцијата на ЈУМ Центар за социјална работа во Општина Берово се прикажани сите права и услуги од социјална и детска заштита изразена во број на корисници и предмети и тоа:

| Број на предмети во работа | Предмети во работа | | |
|---|---|---|---|
| | 2020 | 2021 | 2022 |
| Социјална парична помош | / | / | / |
| Постојана парична помош | / | / | / |
| Гарантирана минимална помош | 263 | 285 | 256 |
| Надоместок за слепило и мобилност | / | / | / |
| Надоместок за глувост | / | / | / |
| Надоместок заради попреченост | 208 | 198 | 180 |
| Надоместок за помош и нега од друго лице | 695 | 725 | 651 |
| Надоместок на плата за скратено работно време | 6 | 6 | 6 |
| Додаток за домување | 4 | 4 | 3 |
| Траен надоместок | 1 | 3 | 3 |
| Еднократна парична помош | 205 | 208 | 187 |
| Социјална сигурност на стари лица | 34 | 44 | 46 |
| Детски додаток | 152 | 147 | 141 |
| Посебен додаток | 57 | 62 | 47 |
| Еднократна парична помош за новороденче | 81 | 60 | 70 |
| Додаток за образование | 243 | 231 | 183 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Родителски додаток за трето и четврто дете | 155 | 143 | 129 |
| Парични надоместоци од други закони | / | / | / |

**Извор: Административни податоци Меѓуопштински Центар за социјална работа Берово*

## 2.2 Мапирање на деца и лица со попречености

- **Паричен надоместок заради попреченост**

Според намената, надоместокот заради попреченост се обезбедува за поттикнување социјално вклучување и еднакви можности на лице кое е:

- со тешка или длабока интелектуална попреченост,
- со најтешка телесна попреченост,
- потполно слепо лице и
- потполно глуво лице.

Вкупен број на лица корисници на правото на паричен надоместок за попреченост го користеле:

| Вид на попреченост | | 2020 | 2021 | 2022 |
|---|---|---|---|---|
| тешка или длабока интелектуална попреченост | Пренесени | 59 | 59 | 70 |
| | Позитивно решени | 12 | 11 | 57 |
| најтешка телесна попреченост | Пренесени | 38 | 38 | 38 |
| | Позитивно решени | 38 | 38 | 33 |
| потполно слепо лице | Пренесени | 46 | 46 | 45 |
| | Позитивно решени | 43 | 45 | 37 |
| потполно глуво лице | Пренесени | 59 | 56 | 56 |
| | Позитивно решени | 56 | 56 | 53 |

- **Надоместок на помош и нега од друго лице**

Надоместок на помош и нега од друго лице има лице со навршени 26 години возраст, со умерена, тешка или длабока интелектуална попреченост, лице со потешка и најтешка телесна попреченост, потполно слепо лице, како и лице со трајни

промени во здравствената состојба, на кое му е неопходна помош и нега од друго лице заради тоа што не може само да ги врши основните активности од секојдневниот живот доколку ова право не може да го оствари врз основа на други прописи.

| Вид надоместок | 2020 | 2021 | 2022 |
|---|---|---|---|
| Надоместок за помош и нега од друго лице | 695 | 725 | 651 |

Бројот на корисници на помош и нега од друго лице во последните три години бележи пораст. Една од главните причини што бројот на корисниците на ова право расте од година во година е тоа што на територијата на општините Берово и Пехчево живее претежно старо население, а исто така во последните десетина години и помладата популација не е поштедена од неколку видови на болести.

- **Надоместок на плата за скратено работно време**

| Вид надоместок | 2020 | 2021 | 2022 |
|---|---|---|---|
| Надоместок на плата за скратено работно време | 6 | 6 | 6 |

Бројот на корисници на надоместок за плата за скратено работно време поради нега на дете со телесни или ментални пречки во развојот е потполно ист како и претходната година односно нема никакви промени.

- **Траен надоместок**

Право на траен надоместок има згрижувач кој згрижувал лице во своето семејство и родител кој се грижел за детето со попреченост. Право на траен надоместок за згрижувач има згрижувач кој згрижувал лице во своето семејство најмалку петнаесет години, по наполнување на 62 години на живот за жена, односно 64 години на живот за маж, кој е невработен и не користи право на пензија по која било основа.

| Вид надоместок | 2020 | 2021 | 2022 |
|---|---|---|---|

| | | | |
|---|---|---|---|
| Родител кој се грижи за дете со попреченост | 1 | 3 | 3 |

Ова право го користи еден родител кој се пренесува од 2020 година и уште двајца нови корисници. Бројот на корисници на посебен додаток во последните три години перманентно се зголемува.

- **Центар за дневен престој за лица со попреченост**

Дневниот центар за лица со ментална или телесна попреченост во Берово е отворен на 01.03.2006 година. Лоциран е на улица “Маршал Тито” бб, во зграда сопственост на општина Берово, а преотстапен на Меѓуопштинскиот центар за социјална работа-Берово под која надлежност работи и Дневниот центар. Локацијата обезбедува полесна интеграција на корисниците и соработка со институциите во локалната средина. Дневниот Центар за лица со ментална или телесна попреченост е лесно достапен за корисниците, без архитектонски бариери и со соодветно уреден пристап.

Со самото отварање Министерството за труд и социјална политика и Финската влада со помош на Канцеларијата на УНИЦЕФ и Едукејт и хорот Јан и Алеман од Холандија го опремија Дневниот центар според бараните стандарди за опрема, надгледни и рекреативни средства и играчки. Во овие години Дневниот центар воспостави соработка со повеќе локални фирми кои донираат разни донации за потребите на центарот. Донации и мали подароци корисниците добиваат и од граѓани-поединци.

| **Корисници** лица на територијата што ја покрива ЦСР на возраст од 0-26 | **Реализирано** | | |
|---|---|---|---|
| | 2020 | 2021 | 2022 |
| Број на упатени во дневен центар | 10 | 6 | 10 |
| Просечен број на присутни во дневен центар | 2-10 | 2-6 | 5-10 |

Во периодот од Јануари до Јуни услугата дневен престој ја имаат користено 5 лица. Состојбата е променета во периодот од Јули до Декември и нивниот број се зголемува на 9, односно 10 корисника. Бројот е зголемен како резултат на обезбеден превоз од страна на ЦСР со што услугите стануваат достапни и за корисници од соседната општина Пехчево, како и за лица од селата на

територија на општина Берово.

Во 2022 година, донирани се 1.540.000 денари за зајакнување на услугите на Дневниот центар за деца и лица со попреченост во Берово, од Амбасадата на Народна Република Кина во Република Северна Македонија. Донацијата е искористена за опремување и помали реконструктивни зафати во просториите на дневниот центар и опремен е кабинет за физикална и хидро-терапија, како и сензорна соба наменета за деца и лица со аутистичен спектар на нарушувања.

Во Дневниот центар се вработени лица со следната стручна подготовка:

- дипломиран Социјален работник
- дипломиран Здравствен работник
- дипломиран Дефектолог
- физиотерапевт
- 2 медицински сестри
- хигиеничар

**Потреби за подобрување на условите во работата и ефектите од работата**

- Да се набави сопствено соодветно возило- комбе за превоз на корисниците, со кое ќе се олесни и реализацијата на одредени активности надвор од Дневниот центар за кои активности потребно е дополнително ангажирање на превоз што предизвикува дополнителни трошоци;

- Да се набават компјутери наменети за корисниците;

- Развој на нови услуги, како можност за прием на дополнителен број на корисници

- Соработка со Бизнис заедницата со цел да се изготви индивудуален план за работно оспособување што одговара на можностите на корисникот и пазарот на трудот

- Набавка на опрема за инклузивно детско игралиште кое ќе биде во склоп на Дневниот центар

**Корисници - лица со попреченост на територијата што ја покрива ЦСР според возраста**

| Возраст | над 30год | 26-30 | 20-25 | 16-19 | 10-15 | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Број | 6 | / | 4 | / | / | 10 |

**Корисници - лица со попреченост на територијата што ја покрива ЦСР според националноста**

| Националност | Македонци | Роми | Вкупно |
|---|---|---|---|
| Број | 10 | / | 10 |

**Корисници - лица со попреченост на територијата што ја покрива ЦСР според полот:**

| Пол | Машки | Женски | Вкупно |
|---|---|---|---|
| Број | 2 | 8 | 10 |

Во текот на учебната 2021/2022 и 2022/2023 година во основното училиште се ангажирани стручни соработници, приправници, образовни асистенти за ученици со попречености во основното образование согласно распишаниот оглас од страна на  Министерството за образование и наука (МОН) и потребата од нивно ангажирање. Во ООУ„Дедо Иљо Малешевски“ Берово во учебната 2022/2023 година се ангажирани 7 образовни асистенти.

Во рамките на проектот за Општинско корисна работа, се спроведуваат активностите  по Проектите „За наше Берово" и „Еднакви можности" од Општинско корисна работа,  преку кои 31 невработени лица од Берово,  добиваат платен ангажман,  а нивните услугите ќе ги користат околу 300 крајни корисници.

Програма за работно ангажирање-Јавни работи за евидентираните невработени лица со ниски квалификации од територијата на општина Берово, е врз основа на Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на

пазарот на труд за 2022 година, усвоен од Владата на Република Северна Македонија, финансирана од Буџетот на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија и општина Берово, односно учество на општина Берово во ОП за 2022.

Образовен асистент, негователи за предучилишна возраст, фасилитатори за одржливи социјални услуги, негуватели за стари лица, негуватели на лица со попреченост, пост ковид негуватели, негуватели на лица заболени од Алцхајмер, мултиплекс склероза и палијативна нега, геренто домаќини, фасилитатор за здравствени информации во ромско население, негуватели за стари лица и негуватели за лица со попреченост се услугите кои можат да им се понудат на крајните корисници, а поддршката ја добиваат во институциите на локално ниво и во домашни услови каде што е потребно. Целта на овој проект е покрај работното искуство, давателите на услугите да добијат и теоретско занење, преку организирани платени обуки, да се стекнат со соодветни квалификации, поголеми знаења и вештини, како и сертификати кои ќе им помогнат за полесно вклучување и конкурантност на пазарот на труд.

### 2.3. Мапирање на деца од социјално ранливи категории во основни училишта и детски градинки

Ова мапирање е направено во соработка со претставниците на Општинскиот совет за социјална заштита, училишта и детската градинка и преку спроведени интервјуа со вработени лица со цел да се добијат некои попрецизни податоци.

**Општинска јавна установа, детска градинка „23 Август" Берово** е единствената установа за предучилишно згрижување на деца на териоторијата на Општина Берово, со клонови во с. Русиново, с. Митрашинци и с. Будинарци. Во 2022 година, во градинката, згрижени се околу 230 деца.

Професионалноста, одговорноста, организираноста, ефикасноста, максималната посветеност и ангажирање, користењето на искуството, следејќи ги потребите на модерното живеење, придонесуваат за преголемата заинтересираност на родителите да ги запишуваат своите деца во градинка. Минатата година капацитетите на градинката се проширени со 4

нови занимални, при што задоволени се определени стандарди и нормативи. Во моментот потребно е реконструкција на кујната и промена на кровната конструкција, за што општината и градинката аплицираа на повикот на МТСП и се очекува одобрување.

Со оглед на фактот што бројот на деца не се намалува како што е случај со другите населени места, општина Берово има потреба од изградба на детска градинка во с. Двориште. Општина Берово е вклучена и во Проектот „Инклузија на деца Роми" за посета на предучилишна установа за дечиња од ромски семејства со ниски примања.

Искуствата од **основните училишта** во општина Берово покажуваат дека во секое училиште има број на деца кои потекнуваат од семејства корисници на ГМП или се дел од еднородителски или самохрани семејства. Идентификацијата на учениците од социјално ранливите категории се врши од страна на стручните служби во училиштата. Најчести идентификувани социјални ризици што преовладуваат меѓу учениците во општина Берово се: деца од еднородителски семејства, деца од семејства со финансиски проблеми и деца на самохрани родители. Основните училишта во општината остваруваат соработка со надлежните институции од системот на социјална заштита кога за тоа се јавува потреба. Исто така, се реализираат и повремена соработка со хуманитарни здруженија обично во соработка со ПС Берово, Црвен крст, со граѓански здруженија/невладини организации, со кои се организираат работилници на различни теми (насилство, род, трговија со луѓе и сл.), се делат брошури за дроги, сексуално образование, односи и врски и се спроведуваат едукативни активности на овие и на слични теми.

На учениците од социјално ранливите категории училиштето им помага преку организирање на акции со кои се собира облека, обувки, хуманитарни пакети, а потоа училиштата им ги донираат на семејствата. Од страна на Општина Берово, преку Годишната програма за социјална заштита  им се доделува на почетокот на секоја учебна година за секое запишано прваче на територијата на општина Берово им се доделуваат финансиски средства во износ од 5.000,00 денари.

**Малиот групен дом**, како оној што постои во Берово е една од алтернативите за деца кои не можат да растат во семејство. Во изминатите години, во овој дом се обезбедува безбедно и грижливо опкружување налик на семејно кое служи како модел за алтернативен начин на згрижување во заедницата наместо згрижување во големи институции.

Малиот групен дом е отворен 2009 година, како организациона единица на Меѓуопштинскиот центар за социјална работа Берово и во него се сместуваат деца без родители и родителска грижа. Тој е наменет за најмногу седум малолетни лица, деца без родители или родителска грижа, чија возрасна граница е од 3 до 18 години и од двата пола. Пет места се наменети за продолжен престој, додека две места се наменети за итно прифаќање.

Општина Берово ја поддржува Националната кампања која се спроведува од страна на СОС Детско село, во соработка со Центрите за поддршка на **згрижувачки семејства** „11 Октомври" и „Битола", Министерството за труд и социјална политика и локалните самоуправи, а овозможена е од страна на Германското министерство за економски развој и соработка. Во рамките на Годишната Програма за социјална заштита Општина Берово предвиде финансиска поддршка на социјалната услуга за сместување во згрижувачко семејство (по 10.000 денари на едно згрижувачко семејство).

## 2.4. Мапирање на стари лица

Општина Берово со помош и соработка со Холандско-Македонската хуманитарна организација и Министерство за труд и социјална политика ја отвори Општинската Установа Дом за стари лица, кој се наоѓа на влезот во Берово. Општина Берово како основач на јавната установа ќе го поддржува тековно работење на оваа установа. На почетокот на 2019 година, оваа општинска јавна установа го прошири својот капацитет од постоечките 15 на 29 легла за корисниците. Во 2020 година извршена е реконструкција на третата ламела. Со средства од Швајцарската агенција за развој и соработка и Министерството за локална самоуправа, извршено е внатрешно уредување третата ламела која обезбеди дополнителни 10 места за

корисниците. Денес, вкупниот капацитет на Домот за стари лица во Берово е 39 корисници. Годините station наназад, домот за стари лица, работи цело време со пополнет капацитет и константно на листата на чекање за сместување има голем број корисници . Во тек е реконструкција на помошни простории односно изградба на сопствена кујна и административни простории.

Општина Берово ќе го прошири капацитетот на Домот за стари лица  со уште една ламела (четврта ламела), при што ќе се зголеми бројот на корисници на услугите во домот  за уште 28 корисници.

Законот за социјална заштита, предвидува децентрализација во сферата на социјалната заштита, преку повици објавени од страна на  Министерството за труд и социјална политика (согласно член 140 и член 145 од Законот за Социјална заштита, Службен весник на РСМ, бр. 104 од 23.05.2019 година), по кој повик, во тек е имплементација  на проект „Возврати со љубов, грижа и почит", преку кој вкупно 20 даватели на услуги се грижат за околу 70 крајни корисници од општина Берово.

После формирањето на Општинскиот совет за социјална заштита, се одржаа состаноци со цел да се даде приоритет на нова социјална услуга на територијата на општина Берово. Приоритет беше даден на социјалната услуга: помош и нега во домашни услови за стари и изнемоштени лица на територијата на Општина Берово и лица кои живеат во руралните населби.

Основната причина поради која е даден приоритет на оваа социјална услуга е директната услуга кон корисниците во нивните домови, што посочува на вонинституционална грижа на ранливи категории граѓани и овозможува нивна поголема интеграција во општеството. Нашата општина, како и многу други во источниот регион се соочува со проблемот – стареење на населението и миграција на младите работоспособни луѓе, како во главниот град на нашата држава, така и во странство. Нивното отсуство од дома придонесува за потребата од помош и нега во домашни услови на старите изнемоштени лица.

Општина Берово на 26.10.2020 година потпиша Договор со Министерството за труд и социјална политика со што беа одобрени средства за реализација на услугата помош и нега на стари лица во домашни услови така што започна со испорака на услугата преку лиценциран давател на услугата ОЈУСЗСЛ „д-р Иван Влашки“ Берово.

Со проектот се опфатени стари лица, со место на живеење во градот Берово и селските населби кои:

- имаат над 65 години

- нивните блиски се со место на живеење во друг град или држава

-живеат сами без секојдневна грижа и нега која им е потребна

-имаат лоши услови за живот

-постои отсуство на редовни лекарски прегледи.

За утврдувањето на карактеристиките на ранливоста, а со главна цел идентификување на потребите на старите лица за добивање на услуги во доменот на социјалната заштита, како и да се предложат мерки за подобрување на постоечката ситуација, имајќи ги во предвид возраста, социо-економската состојба, местото на живеење и условите во кои живеат старите лица, најпрвин се побараа податоци од Полициска станица од Општа надлежност, Јавна установа Меѓуопштински центар за социјална работа – Берово и Здружение на пензионери, за бројот на стари и изнемоштени лица во руралните средини. По добивањето на тие податоци беше применета техниката – полуструктурирано интервју со идентификуваната група граѓани. За време на полустуктурираното интервју, старите лица беа запознаени со можноста за добивање на социјални услуги од наша страна, им беше овозможено да одговорат на прашањата од интервјуто и самите тие да ја истакнат потребата од социјални услуги.

Лицата кои беа посетени од страна на тимот кој беше формиран од Општинскиот совет за социјална заштита, ја искажаа потребата од таква социјална услуга и потребата од грижа во домашни услови. Бидејќи станува збор посета на стари лица кои живеат во руралните средини, тимот кој беше на терен констатира дека условите за живот се тешки, а некои немаат услови за да ги задоволат основните потреби .

Генералната слика на потребите на услугите во домовите на старите лица беше следнава:

-старите лица живеат сами (немаат свое семејство или децата живеат во други градови или странство)

-доминантен извор на приход се пензиите, кои во нашите услови немаат висок износ

-поголемиот дел од старите лица немаат социјална поддршка

-поголемиот број на стари лица изразија незадоволство од фактот дека живеат сами

-старите лица имаат потреба за услуги во нивниот дом

Животната средина како социјален елемент во живеењето, познанствата во улицата и населбата, навиките во врска со пазарувањето, навикнатите секојдневни движења и слично, имаат особено значајна улога за чувството на сигурност особено на старите лица, кои немаат услови за институционална грижа, да ја имаат можноста за добивање на услуги во домот.

### 2.5. Мапирање на невработени лица

Според податоците добиени од Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија за број на невработени лица (активни баратели на работа) и други лица кои бараат работа (пасивни баратели на работа) евидентирани во АВРСМ - Центар за вработување Берово, со место на живеење во Општина Берово, според возраст, школска подготовка, националност,

време на чекање на вработување и пол, со состојба на 31.10.2022 година,според возраст, школска подготовка, пол, со состојба на 31.10.2022 година податоците се како што следува:

Преглед на невработени лица по општина според национална припадност и возраст во Центар за вработување Берово со состојба на 31.10.2022 година

| **Општина Берово** | Вкупно | | Од 15-19 | | од 20-24 | | Од 25-29 | | Од 30-34 | | Од 35-39 | | Од 40-44 | | Од 45-49 | | Од 50-54 | | Од 55-59 | | Од 60 и повеќе | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Се | Ж | Се | Ж | Се | Ж | Се | Ж | Се | Ж | Се | Ж | Се | Ж | Се | Ж | Се | Ж | Се | Ж | Се | Ж |
| Македонци | 799 | 431 | 17 | 6 | 30 | 17 | 58 | 31 | 79 | 40 | 59 | 36 | 99 | 57 | 88 | 41 | 109 | 68 | 128 | 83 | 132 | 52 |
| Албанци | 2 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 1 |
| Роми | 108 | 57 | 2 | 1 | 8 | 1 | 6 | 3 | 10 | 8 | 8 | 6 | 17 | 9 | 15 | 9 | 19 | 11 | 15 | 7 | 8 | 2 |
| Турци | 4 | 3 | 0 | 0 | 2 | 1 | 0 | 0 | 1 | 1 | 0 | 0 | 1 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Срби | 2 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 1 | 0 | 0 |
| Други националности | 4 | 4 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2 | 2 | 1 | 1 | 1 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Вкупно за општина | 919 | 499 | 19 | 7 | 40 | 19 | 64 | 34 | 90 | 49 | 68 | 43 | 120 | 70 | 104 | 51 | 129 | 80 | 144 | 91 | 141 | 55 |

*Извор:Агенција за вработување на РСМ,ЦВ Берово*

Преглед на други лица кои бараат работа по општина според национална припадност и возраст во Центар за вработување Берово со состојба на 31.10.2022 година

| **Општина Берово** | Вкупно | | Од 15-19 | | од 20-24 | | Од 25-29 | | Од 30-34 | | Од 35-39 | | Од 40-44 | | Од 45-49 | | Од 50-54 | | Од 55-59 | | Од 60 и повеќе | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Се | Ж | Се | Ж | Се | Ж | Се | Ж | Се | Ж | Се | Ж | Се | Ж | Се | Ж | Се | Ж | Се | Ж | Се | Ж |
| Македонци | 204 | 94 | 1 | 0 | 16 | 3 | 10 | 4 | 14 | 7 | 13 | 5 | 14 | 6 | 28 | 15 | 27 | 15 | 49 | 24 | 32 | 15 |
| Роми | 8 | 4 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2 | 2 | 1 | 0 | 1 | 0 | 4 | 2 | 0 | 0 |
| Други националности | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 |
| Вкупно за општина | 213 | 98 | 1 | 0 | 16 | 3 | 10 | 4 | 14 | 7 | 13 | 5 | 16 | 8 | 29 | 15 | 28 | 15 | 54 | 26 | 32 | 15 |

*Извор:Агенција за вработување на РСМ,ЦВ Берово*

Преглед на невработени лица според степен на образование со состојба на 31.10.2022 година

| Школска подготовка | Вкупно | | НКВ | | ПКВ и НСО | | КВ | | ВКВ | | ССО | | Више СО | | Високо СО | | Магистри на науки | | Доктори на науки | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Се | Ж | Се | Ж | Се | Ж | Се | Ж | Се | Ж | Се | Ж | Се | Ж | Се | Ж | Се | Ж | Се | Ж |
| | 919 | 499 | 344 | 174 | 28 | 14 | 161 | 98 | 0 | 0 | 301 | 161 | 16 | 11 | 65 | 39 | 4 | 2 | 0 | 0 |

*Извор:Агенција за вработување на РСМ,ЦВ Берово*

Преглед на други лица кои бараат работа според степен на образование со состојба на 31.10.2022 година

| Школска подготовка | Вкупно | | НКВ | | ПКВ и НСО | | КВ | | ВКВ | | ССО | | Више СО | | Високо СО | | Магистри на науки | | Доктори на науки | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Се | Ж | Се | Ж | Се | Ж | Се | Ж | Се | Ж | Се | Ж | Се | Ж | Се | Ж | Се | Ж | Се | Ж |
| | 285 | 136 | 112 | 62 | 7 | 4 | 54 | 23 | 0 | 0 | 97 | 37 | 3 | 3 | 12 | 7 | 0 | 0 | 0 | 0 |

*Извор:Агенција за вработување на РСМ,ЦВ Берово*

## 2.6. Мапирање на лица од ромска етничка заедница

За бројот на домаќинства и националната припадност од последниот попис во 2021 година согласно првичните резулати објавени на 30.03.2022 година во Општината Берово има вкупно 4.143 домаќинства, со просечен број од 2,6 членови по домаќинство и 8683 станови. Според националната припадност, Македонците се 91% (9925), Роми се 3% (459), 6 % останати. Од нив Роми жени се 178 и мажи 161.

Ромската етничка заедница е сконцентрирана во ромското маало на улиците „Прохор Пчински„ и „23 Август„ но има и околу 16 ромски семсјтва кои се сместени во социјалната зграда во Берово. Освен тоа околу 5-6 семјства живеат во центарот на градот.

Кај ромската популација невработеноста е нешто повеќе од 50% од вкупниот број на работоспособни Роми, а што е резултат на трансформацијата на претпријатијата од општествена и приватна сопственост при што се затворени најголем дел од претпријатијата, а тие што работат се под или на границите на ликвидноста. Моменталната ситуација не е многу изменета поради високата стапка на внатрешната и надворешната миграција и нискиот наталитет кој ја карактеризира општината и ја става во редот на општини во кои доминира постаро население.

Според евиденцијата во Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, Центар Берово заклучно со 31.05.2022 година вкупно се евидентирани 1208 лица активни баратели, од кои вкупно Роми се 171 лице, од нив 72 лица се жени и 99 мажи.

Образовното ниво и здравствениот статус на Ромите во Берово отсекогаш биле подобри во споредба со другите општини иако и на тоа поле има уште да се работи за да се постигне целосна интеграција. Тоа негативно влијае на дел од ромската етничка заедница и предизвикува отсуство на дел од децата (постојано/делумно). Карактеристично е непознавањето на законската регулатива за правата и обврските поврзани со образованието, од тие причини потребна е специјално дизајнирана социјална услуга која ќе го поддржи информирањето и упатувањето. Основна причина за ваквата појава се смета и слабиот степен на информираност односно ниската свест на родителите за потребите на образованието. Не помала пречка за вклучувањето на ромските деца во образованието е и нереалното декларирање на образованието како бесплатно. Постои и потреба од подобрувањето на успехот и редовноста кај учениците Роми во основното и средното образование. Бројот на запишани ученици во високообразовните установи е подобрен во однос на претходниот период. Сепак сеуште многу мал број Роми се одлучуваат да студираат. Потребно е мотивирање на Ромите за студирање со доделување на стипендии, кредити со поддршка кои би биле директно обезбедени од Министерство за образование и наука.

Општина Берово објави оглас за ангажирање на консултант и тутори за поддршка на ученици Роми од 2-ро, 3-то и 4-то одделение во основно образование во Општина Берово. Оваа активност се имплентира како дел од акцијата „Пост КОВИД 19

мерки за превенција и опоравување во образованието за деца и возрасни„ финансирана во рамки на заедничкиот проект на Европската Унија и Советот на Европа, РОМАКТЕД Програмата Фаза II за „Промовирање на добро управување и зајакнување на Ромите на локално ниво. Оваа акција има за цел да го унапреди квалитетот на образование за децата Роми во основно образование кои беа дел од наставата во далечина за време на пандемијата и се соочија со разни предизвици од кои произлегоа значителни последици во однос на намалување на квалитетот на образование за учениците Роми.

Во рамките на акцијата ќе се обезбеди дополнителна образовна/туторска поддршка на минимум 30 ученици Роми во учебната 2022/2023 година (април-јуни) и 2023/2024 година (септември-декември). Дополнителната поддршка ќе биде обезбедена за децата Роми вклучени во 2-ро, 3-то и 4-то одделение кои покажуваат слаби образовни резултати како последица од наставата во далечина за време на пандемијата. Дополнителна образовна/туторска поддршка ќе се обезбеди по предметите Македонски јазик, Математика и Англиски јазик.

Во рамките на оваа активност во период од  7 (седум) месеци ќе бидат ангажирани максимум 6 (шест) тутори кои што два пати неделно по еден час (60 минути) ќе работат со овие деца, заради оспособување и стекнување на основни вештини кои се неопходни во процесот на редовното образование.

Во учебната 2021/2022 година во ОЈУ Детска градинка “23 Август„- Берово од ромска етничка заедница запишани се вкупно 66 ученици од кои 36 ученици се од машки пол и 30 ученици се женски пол. Во учебната 2021/2022 година во ОСУ “Ацо Русковски„ - Берово се вкупно 366 ученици од кои 168 ученици се од машки пол и 198 ученици се од женски пол. Од ромска етничка заедница се вкупно 32 ученици од кои 15 ученици се од машки пол и 17 ученици се женски пол.

**Извор: ЛОКАЛЕН АКЦИСКИ ПЛАН НА ОПШТИНА БЕРОВО И РОМСКАТА ЗАЕДНИЦА за период од 2023 до 2026*
*https://berovo.gov.mk/wp-content/uploads/2022/11/Lokalen-aktsionen-plan-za-Romite-za-2022-godina.pdf*

Во рамките на Проект „Штип и Берово заедно за подобрување на условите на ромската заедница", чија главна цел е унапредување во домувањето, образованието и економските можности за Ромите кои живеат во сиромаштија, преку подобрување на нивните услови за домување и пристап до социјални услуги, денеска е потпишан договорот за реконструкција на дел од предвидените куќи, односно реконструкција на 8 куќи на ромски семејства.

Во рамките на проектот за Берово, предвидени се следниве активности, од кои дел се завршени :

-Донесување на ДУП и ГУП во износ од 15 хектари во ромската населба;

- Легализација на бесправно изградени куќи во сопственост на ромски семејства (25 кои имаат поднесено барање и 15 кои немаат поднесено барање за легализација);
- Рехабилитација и реконструкција на вкупно 15 куќи на ромски смејества кои живеат во несоодветни и штетни услови;
- Подобрување на инфраструктурата во ромската населба:

  -Реконструкција на 250 м фекална канализација,

  -поплочување на мали улици во износ од 70 до 100 м,

  -приклучување на вода на 7 семејства кои не се приклучени,

  -приклучување на струја на 5 семејства кои немаат пристап до електрична енергија,

  -обезбедување на 7 контејнери и 120 индивидуални канти за отпад кои ќе бидат поделени во ромската населба

## 2.7 Мапирање на детско престапништво

Согласно податоците доставени од страна на ЈУ МЦСР Берово, на територијата на општина Берово има мал број на деца во судир со закон. Следејќи го бројот на деца во судир со закон од 2019 година до 2022 година, може да се забележи дека бројот

на тие деца е во опаѓање. Тоа се должи психо-социјалната поддршка, интервенција во образование, помош на поединец и помош на семејство дадено од страна на МЦСР.

Сите деца се машки пол, едно од децата е на 17 годишна возраст, три на 18 годишна возраст. Две од децата се со завршено основно образование а на две основното образование им е во тек. Сите четири деца се од ромска националност. Три од децата живеат во непотполни семејства, односно во семејства на разведени родители а едно од децата во семејство со нарушени семејни односи.Родителите на децата се со основно образование и претежно сите имаат лош материјален статус.

Оваа година има и спроведување на мерка Условна осуда со засилен надзор која досега се одвива според програмата изготвена од страна на ЈУ МЦСР Берово.

**Дете во судир со законот**

| | **Предмети** | **Реализирано** | | |
|---|---|---|---|---|
| | | 2020 | 2021 | 2022 |
| Број на предмети | Пренесени | 4 | 2 | 3 |
| | Нови | / | 3 | 2 |
| | Решени | / | | 2 |
| | Предмети во работа | 4 | 3 | 3 |
| | **Затворени (пасива)** | | 2 | 2 |

## 2.8. Мапирање на насилство врз жените и семејно насилство

Лицата жртви на семејно насилство се на возраст од 30-75 години од кои 10 се жени, а од нив 1 маж. Малолетни лица се јавуваат како индиректни жртви на семејно насилство поточно како свидетели на насилството.  Најголем дел од причините се нарушено брачно партнерски односи кои ескалираат со текот на времето, сето тоа што во минатато се надминувало се

таложело и ескалира во подоцните години од бракот, тука секако е алкохолот како причина која појава во нашето поднебје е некако прифатена и генерациски се пренесува, а се позабележливи се случаи и на сторител со нарушено психичко здравје. Во последно време се позначајна е би рекле изговор на здравствениот систем наместо сами да ги упатуваат и третираат психички болните пациенти и оние кои имаа потреба од алкохол матичните лекари ја префрлаат топката на нас како установа.

За работа на оваа поле има многу пред се превенција на оваа појава и рана детекција во образование. Досега ниту една единствена пријава немало од образовните установи, ниту пак се интересираат на кој начин можат да помогнат.

Проекциите кои се дадени можеби би се разишле во иднина затоа што оваа појава е се позачестена во последно време, но тоа пред се го гледаме како резултат на разбивањето на табуата во поглед на бракот како и полека искоренување на традиционалните елементи на бракот како безусловен почит кон постарите, посилните. Потребно е уште многу да се работи на ова поле, посебно во промена на воспитниот модел на родителите, но оваа е сепак предлог за враќање на можноста да се работи на поле на планирање на семејството или пак предбрачното советување кое е потребно со цел упатување на правата и обврските кои произлегуваат од бракот согласно закон, а не согласно традиција.

Поради зголемен ризик по безбедноста две жртви со своите деца беа сместени во Центар за жртви на семејно насилство.

Лицата сторители на семејно насилство се на возраст од 30 до 64 години. Во најголем дел се уште е застапено брачното насилство т.е сопругот врз сопругата. Причината за насилство најчесто е злоупотреба на алкохол посебно во моментот на насилство. Дел од случаевите се рецидиви иако  во сите се постапувало со изрекување на мерки на заштита од семејно насилство.

## 2.9. Мапирање на бездомни лица

На територијата на Општина Берово согласно податоците доставени од страна на ЈУ МЦСР Берово нема евидентирано бездомни лица.

Министерството за транспорт и врски во 2013 година објави оглас за распределување на 20 социјални станови во Берово во станбена зграда на улица „Моша Пијаде", кои се изградени по Програмата за изградба и одржување на станови сопственост на Република Северна Македонија.

Во рамките на Годишната програма за социјална заштита и Правилникот за начинот и критериумите на остварување на правото на парична помош за социјално домување на лица корисници на постојана парична помош, социјално загрозени-станбено необезбедени бр. 09-1360/1 од 30.03.2022 година, општина Берово има издадено Решение за додаток за домување на едно лице кои ги исполнува условите согласно позитивните законски прописи.

## 2.10. Мапирање на млади

Перидот на адолесцентите, односно учениците од 6-то одделение, па до завршување на средно образование сам по себе носи многу ризици и предизвици и оваа категорија на лица ги прави ризични. Проблемите со кои се соочуваат родителите и наставниците (и професорите) асоцираат на потреба да се земат во предвид некои влијанија и ситуации кои се одраз на новото време и да се зајакне превенцијата од запаѓање во социјален ризик кај оваа возрасна група. Во овој контекст ги забележуваме медиумските или дигиталните содржини кои може да бидат неконтролирани и несоодветни за возраста, па дури и да влијаат на менталното здравје, казината и кладилниците кои немаат ригорозни мерки за влез на малолетници, достапноста на алкохол, цигари и наркотици и покрај забраните кои постојат, итн.

Според евиденцијата на ЈУЦСР Берово во Берово нема деца кои злопупотребуваат дрога и други психотропни супстанции и деца кои консумираат алкохол, но ЈУМЦСР не ги евидентира бидејќи овие деца не остваруваат права од нив. Неопходен е поголем ангажман на заедницата за справување со наведените ризици.

Во тек е формирање на Локално собрание за млади во општина Берово, врз основа на член 17 од Законот за младинско учество и младински политики ("Службен весник на Република Северна Македонија" број 10/2020).

**Идентификувани активности важни за добросостојба на населението и во поддршка на идните социјални услуги**

Општина Берово посветено работи на унапредување на социјалната заштита преку своите годишни Програми за социјална заштита кои предвидуваа соработка со ЈУ Центар за социјална работа Берово, надлежен за територијата на општина Берово и општина Пехчево, Центар за вработување, Полициска станица, училишта, градинки, Здравствениот дом , ОО „Црвен Крст Берово" и други министерства, установи, институции, граѓански организации. Реализираните активности се со цел да се придонесе кон јакнење на социјалната функција на општината во согледување на потребите на граѓаните и грижата и помошта на оние лица, семејства и општествени групи кои се засегнати од специфични социјални ризици.

Годишната Програма за социјална заштита за 2023 година, дефинира повеќе приоритети од областа на социјалната заштита:

- Детска заштита – вклучување на сите деца во ЈОУДГ, унапредување на воспитно згрижувачката дејност и други активности
- Парична помош за новороденчиња
- Хуманитарни акции наменети за граѓаните во социјален ризик
- Подобрување на квалитетот на живеење на граѓаните
- Вклучување на маргинализирани групи и помош на социјално ранливи групи на граѓани
- Грижа за старите лица
- Вклучување во партнерски проекти со повисоки нивоа на власт и граѓански организации

Активностите на општина Берово во областа на социјалната заштита ќе бидат насочени кон поттикнување, поддржување и помагање за остварување на целите и тоа:

1.Доделување на еднократни финансиски средства

- Еднократна финансиска и друга помош на лицата со загрозена социјална положба и лица со потешки заболувања
- Парични средства за прворродено дете на територијата на Општина Берово
- Еднократна парична помош за новородено дете
- Субвенционирање на првачањата на територијата на Општина Берово
- Субвенционирање на учениците од прва година на територијата на Општина Берово
- Стипендија за најдобрите ученици во средното образование
- Субвенционирање на млади лица - жители на општина Берово за обука на теоретски и практичен дел за полагање на возачки испит од Б категорија

2.Намалување на сиромаштијата и социјална исклученост

- Остварување на право за додаток за домување
- Новогодишни подароци за децата со посебни потреби и деца без родители и родителска грижа во Мал групен дом
- Инклузија на деца роми за посета на предучилишна установа
- Поддршка на проектни активности на Здруженија на граѓани за хуманитарни акции
- Јавни работи ангажирање на невработени лица со ниско и средно образование
- Изградба и реконструкција на куќи на ромски семејства во ризик, мала инфраструктура за роми и изработка на урбанистички план ( Реализација на проектот во периодот Од 2021 до 2024 година по одобрена апликација преку ЕУ , зависно од динамиката на проектот) - Средствата за кофинансирање се предвидени во Програма за ЛЕР Г1
- Поддршка на социјалната услуга за сместување во згрижувачко семејство

3. Социјална заштита на стари лица

- Поддршка на Стари изнемоштени лица во домашни услови од Берово и од руралните средини „Возврати со љубов, грижа и почит“, со средства обезбедени преку апликација на јавен повик од страна на МТСП, а ќе бидат реализирани преку Дом за стари лица „д-р Иван Влашки” како давател на услуги.
- Реконструкција и адаптација на деловен објект бр. 4 во кругот на постојниот Дом за стари лоца „д- р Иван Влашки“ во Берово, на ул.„Маршал Тито“ дел КП 874,КО Берово. За реализација на прватa фаза од проектот ќе бидат потребни 14.165.699,40 денари со ДДВ ( апликација по јавен оглас за финансирање на проекти за изградба и проширување преку МТСП), додека за реализација на целиот проект ќе бидат потребни 36.018.649,22 денари со ДДВ.

4. Други активности во областа на социјалната заштита

- Изработка на проект Реконструкција и адаптација на објект Стара амбуланта

**СОЦИЈАЛНИ УСЛУГИ**

За разлика од оние бенефиции што се поврзани со одржување на приходите и се фокусирани на подобрување на финансиската ситуација на граѓаните (на пример ГМП, пензии, здравствена заштита), социјалните услуги се ориентирани кон помош во задоволување на нефинансиските потреби и непреченото остварување на развојни и социјализаторски задачи. Тие понекогаш се нарекуваат лични социјални услуги, хумани социјални услуги или услуги за социјална нега од причина што задоволувањето на финансиските потреби на ранливите групи граѓани е клучно за нивната сигурност, но сепак не значи неопходно обезбедување на задоволувачко ниво на социјално функционирање. И додека облиците на финансиска помош историски се делегирани на јавната социјално-заштитна мрежа, социјалните услуги ги обезбедуваат и јавни и приватни (профитни и непрофитни) организации.

Единиците на локалната самоуправа како едни од главните носители на социјалната заштита се одговорни за:

- Донесување на развојни програми за социјална заштита;
- Основање на јавни установи за социјална заштита;
- Развивање на вонинституционални форми за социјална заштита;
- Реализирање на социјални програми во соработка со останатите сегменти јавниот сектор, приватниот сектор и невладини организации
- Развивање на различни иновативни или интервентни форми за социјална заштита

За развој на социјалните услуги, општина Берово ќе продолжи со:

- Обезбедување на стручна, техничка и друга поддршка со кадри и опрема со која располага Општината;
- Организирање протоколарни и средби за воспоставување соработка на претставници на Општината со потенцијални донатори на проекти од областа на социјалната заштита.

Социјалните услуги кои се обезбедуваат од Законот за социјална заштита се:

- Услуги на информирање и упатување;
- Услуги на стручна помош и подршка;
- Услуги на советување;
- Услуги во домот;
- Услуги во заедницата;
- Услуги за вон-семејна заштита;

## 3.1 ПОСТОЕЧКИ СОЦИЈАЛНИ УСЛУГИ

Во последниот период општина Берово доста посветено работи на создавање на услови за обезбедување на социјални услуги преку спроведување на проекти со поддршка од различни донатори, спроведувани од поголем број на институции и здруженија на граѓани кои што имаат потенцијал да преминат во социјални услуги. Постоечките социјални услуги во општина Берово, вклучуваат помош на корисниците да станат независни до степен до кој тоа е можно.

Од социјалните услуги кои се обезбедуваат согласно со Законот за социјалната заштита, во моментов постојат:

### 3.1.1. Услуги на информирање и упатување

Услуги на информирање и упатување опфаќаат информирање на граѓаните за правата од социјалната заштита и расположливите социјални услуги, првична проценка и упатување до други институции, со цел остварување непречен пристап до правата и услугите.

- *Услуги на информирање и упатување,* согласно член 71 од Законот за социјална заштита се обезбедени преку ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа – Берово

-Прием на странки

-Упатување

-Информирање

-Советодавна работа

-Психо-социјална интервенција и поддршка

-Постапување по др.закони

-Посета во домовите/разговор

-Изготвување на решенија

### 3.1.2. Услуги на стручна помош и поддршка

Услугите на стручна помош и поддршка на поединец и семејството опфаќаат помош и поддршка за надминување на индивидуалните и семејните проблеми преку проценка, планирање, интревенции за заштита и евалуација, како и следење на состојбата по завршување на интервенциите, со цел зајакнување на корисниците, промоција на нивниот непречен развој, обезбедување и одржување на добросостојбата и незвисноста и нивно долгорочно оспособување за самостојно надминување на социјалните проблеми.

- *Услуги на стручна помош и поддршка*, согласно член 72 од Законот за социјална заштита обезбедени преку ЈУ Меѓуопштински центар за социјални работи – Берово

| | Реализирано | | |
|---|---|---|---|
| | 2020 | 2021 | 2022 |
| Услуги на стручна помош и поддршка | 80 | 110 | 118 |

### 3.1.3. Услуги на советување

Услугите на советување опфаќаат советодавна работа, односно советувалишна работа со цел превенирање, ублажување и надминување на последиците од настанатите социјални проблеми на поединец и семејства и тоа:

- подготовка за брак, живот во семејство, родителство, планирање на семејство, брачно/партнерско советување за партнери со нарушени односи;

-советување при развод на брак;

-семејна медијација за семејства со нарушени семејни односи;

-психо-социјална поддршка за жртви на семејно насилство, - психо-социјална поддршка за сторители на семејно насилство и

-други специјализирани видови на советувања.

- *Услуги на советување* согласно член 73 од Законот за социјална заштита се обезбедени преку ЈУ Меѓуопштински центар за социјални работи – Берово
- *Програма Општинско корисна работа* - Во општина Берово активностите во рамките на проектот Општинско корисна работа за Услуги на информирање и упатување преку УНДП се одвиваат и во текот на 2022 година. За овие активности се ангажирани вкупно 20 извршители. Средствата се обезбедени од Швајцарска агенција за развој и соработка, преку УНДП.

### 3.1.4 Услуги во домот

Услуги во домот се услуги за обебедување помош и нега во домот на лице со привремено или трајно намален функционален капацитет, со цел овозможување на лицето да продолжи да живее во сопствениот дом и превенција на потребата од вонсемејна заштита.

Услуги во домот се:

- помош и нега во домот
- лична асистенција

#### 3.1.4.1 Помош и нега во домот

Со услугата помош и нега во домот, се обезбедува помош во вршење основни и инструментални активности од секојдневниот живот до 80 часа месечно, за лица со намален функционален капацитет кои не можат сами да се грижат за

себе, со цел да се оспособи корисникот за само-помош, односно да ја врати, стекне или одржи способноста самиот да се грижи за себе, за да продолжи да живее во сосптвениот дом и да води независен живот во заедницата. Корисници на услугата се: лица со најтешка попреченост, односно комбинирана попреченост со највисок степен, потполно слепи лица, стари лица и други лица на кои им е потребна помош и нега во домот.

Законот за социјална заштита, предвидува децентрализација во сферата на социјалната заштита, преку повици објавени од страна на  Министерството за труд и социјална политика (согласно член 140 и член 145 од Законот за Социјална заштита, Службен весник на РСМ, бр. 104 од 23.05.2019 година), по кој повик, во тек е имплементација  на проект „Возврати со љубов, грижа и почит", преку кој вкупно 20 даватели на услуги се грижат за околу 60 крајни корисници од општина Берово.  Проектот во текот на 2021, 2022 година се реализираше со средства од Светска Банка преку МТСП. Поддршката на Стари изнемоштени лица во домашни услови од Берово и од руралните средини  „Возврати со љубов, грижа и почит", со средства  обезбедени преку апликација на јавен повик од страна на МТСП се реализираат преку Дом за стари лица „д-р Иван Влашки" како давател на услуги и во текот на 2023 година.

Во општина Берово активностите во рамките на проектот Општинско корисна работа за пружање на помош и нега во домот преку УНДП се одвиваат и во текот на 2022 и 2023 година. За овие активности се ангажирани вкупно 20 извршители. Средствата се обезбедени од Швајцарска агенција за развој и соработка, преку УНДП.

Освен другите ангажирани лица преку проектот,  услугата ја даваат и:

- Негувател на стари лица во Домот за стари лица / геронтодомаќин
- Негувател на стари лица,

### 3.1.4.2 Лична асистенција

Иако нема лиценциран давател за услугата лична асистенција, Општина Берово преку Програмата ОКР има вклучено:

- Негувател за лица со Алцхајмерова болест (ангажирани 3 невработени лица)
- Негувател за мултиплекс склероза (ангажирани 2невработени лица)
- Лични асистенти за стари лица (ангажирани 4 невработени лица).

## 3.1.5. УСЛУГИ ВО ЗАЕДНИЦАТА

Услуги во заедницата опфаќаат услуги на дневен, привремен престој, ресоцијализација, рехабилитација, реинтеграција на корисници, одмена на семејна грижа и куќа на пола пат заради превенција, згрижување и заштита, а со цел овозможување на корисникот да продолжи да живее во сопствениот дом, односно заедницата и превенција на потребите од вонсемејна заштита.

### 3.1.5.1 Услуги на дневен престој

Услугата за дневен престој опфаќа дневно згрижување, индивидуални активности за стекнување и работни вештини, социјални, културни и рекреативни активности, едукација, социјална поддршка на лицата и нивните семејства и други сродни активности. Корисници на услугата се: деца во ризик, лица со попречености, маргинализирани лица,стари лица и други лица со специфични социјални проблеми.

Во општина Берово се реализира услугата за дневен престој преку Дневен центар за лица со интелектуална и умерена попреченост, кој дневно згрижува 15 лица со интелектулна попреченост, телесна попреченост и комбинирани пречки во

развојот. Потенцијал за поголем опфат секако има, што може да се види и од податокот на МЦСР дека вкупниот број на категоризирани лица на подрачјето што го покрива МЦСР на возраст до 26 години изнесува близу 33 лица. Дневниот центар е сместен во засебен дел и располага со функционална и доволна физичка инфраструктура. Во 2022 година беа пуштени во употреба кабинети за физикална и хидро-терапија, како и сензорна соба наменета за деца и лица со аутистичен спектар на нарушувања. Согласно стандардите во објектот може да добиваат дневни услуги за корисниците. Во Дневен центар за лица со попреченост има вработено: дефектолог, физиотерапевт, 3 медицински лица и социјален работник.

Во моментов сериозен проблем претставува немањето возило за превоз на корисниците од и до Дневниот центар. Дневниот центар е управуван и финансиран од МТСП и работи во состав на ЈУМЦСР Берово.

Изградбата на инклузивни паркови во Берово ќе ја подобри социјалната положба на одредена категорија на граѓани, но и имиџот на Берово. Регионот ќе биде на мапата на турситички денстинации кои ќе бидат интересни и за ранливи категории на граѓани односно лица со попреченост. Децата со попреченост и без инвалидитет имаат потреба од социјализација и игра на детско игралиште, но иста така и нивните родители.

Предложениот проект е од собласта на социјалната заштита и има повеќесекторска развојна димензија со опфаќање на повеќе целни групи. Со проект се овозможува еднаквост, социјална инклузија и поддршка на лицата со попреченост. Социјалната исклученост најмногу е изразена во помалите места како и стигмата од различностите. Предложениот предлог проект е за рекострукција на постојните и изградба на инклузивни паркови за секого и достапни игралишта за посета на лицата со попреченост. Со други зборови, дете со попреченост може да дојде на игралиште, но откако ќе се најде таму, можеби нема да може да ужива на ист начин како и неговите врсници.

Под раководство на  Здружението на пензионери на Берово функционира пензионерскиот клуб за стари лица во градот и канцеларии. Во пензионерскиот клуб пензионерите се состануваат за активности од спроведување на програмата на

Здружението на пензионерите кои придонесуваат за социјализација,  друштвени игри, договарање за патувања, дружења и сл.

За здраво и активно живеење за старите лица е потребно да се обезбеди формирање на Дневен центар за стари лица кој ќе се одвива во посебна станбена единица со повремена помош од стручни или други лица во остварување на основните животни потреби, друштвени, работни, културни, рекреативни и други потреби на стари лица, за да се одржи функционалниот капацитет да се избегне изолацијата, посебно стари лица кои останале од разни причини сами. Овој центар може да функционира во склоп на Домот за стари лица.

### 3.1.5.2 Услуги на привремен престој

Услугата за привремен престој обезбедува заштита и стручна помош на лица кои се наоѓаат во кризна состојба заради надминување на состојбата и нивна социјалан интеграција. Корисници на услугата се: дете кое ќе се затекне без родителска грижа или скита, дете жртва на злоупотреба, жртва на семејно насилство и родово базирано насилство, жртва на трговија со луѓе, бездомници.

### 3.1.5.3 Услуги на рехабилитација и реинтеграција

Услугата за рехабилитација и реинтеграција на лица кои се соочуваат со социјални и/или здравствени проблеми се обезбедуваат преку психосоцијална подршка, терапевска работа, работно-окупациона терапија, подршка за стекнување на работни вештини и вештини за вработување, реинтеграција и самостојно живеење. Корисници на услугата се: деца во ризик, лица со попречености и маргинализирани лица со специфични социјални и здравствени проблеми.

| Корисници | Реализирано | | | |
|---|---|---|---|---|
| | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 |
| Вкупен број евидентирани зависници на подрачјето на ЦСР | / | 3 | 1 | 2 |

Корисникот живее во едночлено домаќинство, без поддршка од блиски сродници. Бил повеќе пати на лекување во психијатриска болница поради прекумерно конзумирање на алкохол, но поради неуспешноста на лекувањето и непостоењето на соодветен центар на територијата на општина Берово, е упатен и сместен во установа за рехабилитација и ресоцијализација кај овластен давател на услугата Центар за социјална услуга, третман и рехабилитација во терапевтска заедница „ПОКРОВ" Струмица.

### 3.1.6 УСЛУГИ НА ВОН-СЕМЕЈНА ЗАШТИТА

Со услуги на вон-семејна заштита се обезбедува основна заштита која опфаќа: сместување, помош и поддршка од стручни лица, згрижување, исхрана, облека, здравствена заштита и други услуги во зависност од видот на корисниците кои немаат услови за живеење во своето семејство или од други причини им е потреба вон-семејна заштита.

Услуги на вон семејна заштита се:

1. Живеење со поддршка
2. Згрижување во друго семејство
3. Сместување во установа

#### 3.1.6.1 Живеење со поддршка

| Давател на услугата | Реализирано | | |
|---|---|---|---|
| | 2020 | 2021 | 2022 |
| ОЕ на СОС Детско село | | 2 | 2 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ПОРАКА НЕГОТИНО-Неготино | | 2 | 2 |

### 3.1.6.2 Згрижување во друго семејство

| **Згрижување во друго семејство** | **Реализирано** | | |
|---|---|---|---|
| | 2020 | 2021 | 2022 |
| Сместување во згрижувачко семејство | | 3 | 2 |
| Роднинско згрижување | | 1 | 1 |

### 3.1.6.3 Сместување во установа

| **Установа** | **Реализирано** | | |
|---|---|---|---|
| | 2020 | 2021 | 2022 |
| ЈУ Дом за доенчиња и мали деца Битола МГД | 2 | 1 | 1 |
| ЈУ Детски Дом 11 Октомври | 0 | 0 | 0 |
| ЈУ за згрижување деца со воспитно социјални проблеми и нарушено поведение | 2 | 1 | 0 |
| ЈУ Завод за рехабилитација на деца и младинци Скопје | 0 | 2 | 0 |
| ЈУ Завод за заштита и рехабилитација - Бања Банско,Струмица | 2 | 2 | 2 |
| ЈУ Специјален Завод Демир Капија | 1 | 1 | 1 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ЈУ Дом за стари лица | 1 | 2 | 4 |
| Установа за прифат на братели на азил | 0 | 0 | 0 |

### 3.1.6.4. Сместување во групен дом

| **Групен дом** | **Реализирано** | | |
|---|---|---|---|
| | 2020 | 2021 | 2022 |
| Берово | | 5 | 5 |

## 3.2. Нови социјални услуги

За ублажување на сиромаштијата, за поддршка на ранливите групи и за промовирање на самостојното и пристојно живеење на граѓаните важна активност е обезбедувањето квалитетни социјални услуги на локално ниво. Државата, општината, корисниците, локалното граѓанство, бизнис заедницата се многу важни актери кои преку нивна интеракција ќе се овозможи пристап до социјални услуги. Клучен предуслов за обезбедување на пристап до социјални услуги е законодавството, но сепак не гарантира дека услугата всушност е обезбедена (целосно, ефикасно и ефективно) на локално ниво, но затоа од голема важност е локалните носители на политики да го промовираат пристапот на локалното население до социјалните услуги што им стојат на располагање.

Општината во соработка со засегнатите чинители ќе овозможи односно ќе создаде услови за функционирање на постоечките услуги нивна одржливост како и ќе се создадат услови за развој на нови социјални услуги согласно потребите на локалното население. Исто така, општината ќе даде поддршка и за зголемување на бројот на локални невладини

организации како даватели на социјални услуги. Постоечките социјални услуги како и развојот на нови социјални услуги покрај од буџетот на Општина Берово ќе се обезбедат средства и преку европските фондови, донации/ донаторски средства, од буџетот на Министерство за труд и социјална политика и други финансиски поддршки.

### 3.2.1. Услуги на информирање и упатување

Во општина Берово, лицата од ромската популација имаат потреба од дополнителни услуги поврзани со остварување на правата од социјалната заштита, но и од можностите за вработување. Во таа насока неопходно е ангажирање на ромски медијатор за вработување и упатување, како линк помеѓу ромското население и АВРСМ, со што ќе се направи позитивен исчекор во постоечкото информирање и ќе се надополни со:

- информирање за доофомување на основно и средно образование како предуслов вклучување на пазарот на трудот и по конкурентност на пазарот на трудот;
- подигнување на свеста за моделот социјално претпријатие како можност за вработување и намалување на невработеноста кај социјално ранливи категории;
- поголема информираност за критериумите и условите за искористување на активните програми и мерки за вработување, а потребно е и стимулирање на ромското население за поголема вклученост во мерките за вработување преку Агенцијата за вработување Центар за вработување Берово.

Покрај тоа потребно е да се организираат настани за подигање на свеста на сите невработени лица за нивните права и обврски и да се обезбеди подобар пристап на информациите од пазарот на труд.

### 3.2.2 Услуги на стручна помош и поддршка

Долгоочекуваното работење на случаи од страна на стручните лица на ЦСР ќе биде од голема помош за ромските семејства кои покрај сиромаштијата и комплексни семејни ситуации треба да се соочат и со промена на живеалиште. Ова е ситуација која тешко може да се надмине без стручна помош и поддршка.

- Развивањето на нова услуга како одговор на проблемот на домувањето на ромската популација, ќе овозможи надминување на индивидуалните или семејните проблеми, индивидуална интеграција, активација и социјализација. Поддршката на ромски невладини организации која постојано се дава од страна на општината им дава помош и поддршка на ромските семејства за полесна адаптација, приспособување на новата животна средина со што ке им се помогне во приспособување во социјални, здравствени, образовни економски сегменти.

Една од НВО е „Терно Вас“ ромска невладина организација која подолго работи на полето на социјалната заштита и може да се вклучи во ваква активност.

### 3.2.3. Услуги на советување, посредување, упатување

Развивањето на оваа услуга се базира според информациите добиени од мапирањето и се однесува на лицата кои доаѓаат од социјално загрозени семејства и самохрани родители како и жртви на семејно насилство

- Поддршка на невладини организации со цел поддршка на социјално загрозени семејства во смисла упатување, посредување, помош при решавање на станбеното прашање и сл.

#### 3.2.3.1 Советувалиште за млади

За превентивни активности во однос на адолесцентите во училиштата и надвор да се формираат и активираат Младинските центри и соодветно да се развие програма за советување – Советувалиште за млади. Ова советувалиште би било пристапно за сите млади од Берово кои сакаат да се посоветуваат, да се консултираат за било кој социјален проблем на

младите. Потребно е да биде отворено и пристапно и за родителите на децата. Во советувалиштето ќе работат психолог, социјален работник и психијатар каде младите ќе добиваат бесплатни совети за сите свои проблеми. Истото ќе биде управувано од страна на невладина организација која работи со ваков вид на услуга.

### 3.2.4. Услуги во домот

Услуги во домот се услуги за обезбедување помош и нега во домот на лице со привремено или трајно намален функционален капацитет, со цел овозможување на лицето да продолжи да живее во сопствениот дом и превенција на потребата од вон-семејна заштита.

#### 3.2.4.1 Помош и нега во домот

Услугата помош и нега во домот за стари лица, лица со хронични болни лица и во иднина ќе се испорачува до околу 70 крајни корисници преку лиценцираниот давател на социјалната услуга ОЈУСЗСЛ „д-р Иван Влашки“ Берово. Во овој сервис се вработени 20 сертифицирани негувателки, 1 координатор на услугата, 1 асистент и 1 возач.

#### 3.2.4.2 Лична асистенција

Општина Берово ангажира лични асистенти за лица со попреченост преку програмата ОКР, но во проектот временската рамка е ограничена и по завршување на проектот завршува и услугата, па корисниците откако ќе воспостават добри релации со дavателот на услугата проектот завршува и после е неизвесно дали ќе продолжи и дали истиот асистент ќе им биде даден за услуга. Ја согледавме потребата и увидовме дека услугата може да се реализира и е потребна на корисниците. Оваа услуга ќе придонесе за независно и самостојно живеење на лицата со попреченост (лица со физичка попреченост, лица со интелектуална попреченост и лица со комбинирани попречености) и нивно активно, рамноправно учество во заедницата и во општеството во целина, обезбедувајќи им поддршка за нивно осамостојување, согласно индивидуалните потреби. Развојот на услугата ќе се базира на правилниците од Законот за социјална заштита.

### 3.2.5. Услуги во заедницата

#### 3.2.5.1 Дневен престој на лица со попреченост

Дневниот центар во општина Берово функционира и има доволно простор за реализација на услугата. Истиот располага со соодветни простории за згрижување на лица со попреченост и не се потребни средства за адаптација освен за доопремување со соодветни помагала.

#### 3.2.5.2 Услуга на интеграција и ресоцијализација

- **Услуга за социјализација и ресоцијализација на корисниците на наркотици и нивните семејства**

Услугата е потребно да се одвива преку комбинирана советодавна работа, индивидуална, семејна и групна терапија работилници и програми за обуки, за корисници од територијата на општина Берово.

Општина Берово има простор кој во моментот е руиниран (поранешна Стара амболанта), но би можело да се пренамени за ваков вид на услуга, би било доволна да се адаптира и опреми просторија во која ќе се работи. Лицата зависници од наркотици би биле упатувани тука од страна на здравствените установи и би добивале содветна услуга. Во истиот центар би било убаво да се даваат и услуги на деца и млади со воспитно-социјални проблеми. Знаејќи дека голем број на деца се соочуваат со воспитно-социјални проблеми факт е дека се потребни центри каде овие деца и нивните родители би се упатиле за помош. Иако со мапирањето немаме бројки за деца со нарушено поведение или воспитно-социјални проблеми сепак проблемот го имаме на терен.

Овде од стручен кадар треба се вклучи психолог или психијатар и доктор . Истото може да функционира регионално со тоа што би доаѓале и луѓе од околните општини.

- **Работна реинтеграција и ресоцијализација**,

Преку воспоставување на систем за зголемување на можностите за неформално образование, обуки на различни теми за подобрување на вештините на невработените лица, дообука, доквалификација и преквалификација, имајќи го во предвид фактот дека образовната структура на невработените лица не е поволна и потребно е воведување на низа на активности за нејзино прилагодување и подобрување на вработливоста, согласно потребите на пазарот на труд.

**3.2.5.3 Деневен престој на стари лица со акцент на активно стареење**

Услугата за дневен престој за стари лица обезбедува дневно згрижување, исхрана, одржување лична хигиена, индивидуални активности за стекнување животни и работни вештини, воспитни, социјални, културни и рекреативни активности, превентивни активности, советување, едукација, образовна поддршка, социјална поддршка на лицата и нивните семејства и други сродни активности. Оваа услуга би овозможило да преку програма за работа старите лица да се грижат за своето здравје, бидат активни и активно да стареат. Ваквата услуга би се давала на максимум 24 корисници поделени во две групи.

### 3.2.6. Услуги за вон-семејна заштита

#### 3.2.6.1. Згрижување во семејство

Во општина Берово нема доволно згрижувачки семејства, иако згрижување на деца во згрижувачки семејства е еден од најуспешните облици на згрижување. Општина Берово ја поддржува Националната кампања која се спроведува од страна на СОС Детско село, во соработка со Центрите за поддршка на згрижувачки семејства „11 Октомври” и „Битола” , Министерството за труд и социјална политика и локалните самоуправи, а овозможена е од страна на Германското министерство за економски развој и соработка.

Општина Берово во рамките на Годишната Програма за социјална заштита на предвиде финансиска поддршка на социјалната услуга за сместување во згрижувачко семејство (по 10.000 денари на едно загрижувачко семејство). Но, сметаме дека треба да се спроведува поголема кампања во тој дел.

### 3.2.6.2 Сместување во установа- Дом за стари лица

Општина Берово со помош и соработка со холандско-македонската хуманитарна организација и Министерство за труд и социјална политика ја отвори Општинската Установа Дом за стари лица „Д-р Иван Влашки", која се наоѓа на влезот во Берово. Денес, вкупниот капацитет на Домот за стари лица е 39 корисници, а листата за чекање со години наназад брои преку 100 лица од Источен и Југоисточен плански регион кои чекаат за сместување. Во текот на 2022 година извршена е реконструкција на помошни простории односно изградба на сопствена кујна и административни простории и нивното внатрешно уредување е во тек. Општина Берово ќе го прошири капацитетот на Домот за стари лица со уште една ламела (четврта ламела), при што ќе се зголеми бројот на корисници на услугите во домот за уште 28 лица.

Покрај услугата која ја има Помош и нега на стари лица во домашни услови, а доколку се појави дополнителна потреба, ја оставаме отворена можноста да се развиваат и други иновативни услуги.

## 3.3. Идентификување и приоретизирање на социјални ризици во општината

Според состојбите во нашата општина идентификувано е постоењето на следните социјални ризици и направена е приоретизација врз која ќе се заснова идниот развој на социјалните услуги, и тоа:

- Старост
- Попреченост
- Сиромаштија

- Насилство
- Наркотични средства и алкохол
- Болест

**Идентификување и приоретизирање на социјални ризици и услуги за нивно надминување**

| Социјален ризик | Спецификација на социјални ризици | Постоечки услуги | Постоечки човечки ресурси | Развој на нови услуги | Потребни ресурси |
|---|---|---|---|---|---|

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **1.Стари лица** | 1.1 Стари лица над 65 години<br>1.2 Стари изнемоштени лица<br>1.3 Стари лица со физичка попреченост<br>1.4 Стари лица со хронични болести<br>1.5 Стари лица кои живеат сами | Услуги во домот (помош и нега во домот)<br>Услуга за вон-семејна заштита (сместување во установа) | Негувателки<br>Медицински сестри<br>Доктори<br>Физиотерапевт | Услуги во домот (помош и нега во домот)<br>Услуги во заедницата (услуга за дневен престој- центар за активно стареење)<br>Услуга за вон-семејна заштита (сместување во установа, проширување на капацитетите на постоечката установа) | Координатор/и на услугата/те<br>Социјален работник<br>Негуватели<br>Асистенти за нега<br>Окупациони терапевти |
| **2. Лица со попреченост** | 2.1 Лица со физичка попреченост<br>2.2 Лица со интелектуална попреченост<br>2.3 Лица со комбинирана попреченост<br>2.4 Лица со Даунов синдром, Аутизам | Услуга во домот (лична асистенција-ОКР)<br>Услуга во заедницата (услуга за дневен престој) | • дипломиран Социјален работник<br>• дипломиран Здравствен работник<br>• дипломиран Дефектолог<br>• физиотерапевт<br>• 2 медицински сестри<br>• хигиеничар | Услуга во домот (лична асистенција)<br>Услуга во заедницата (услуга за дневен престој)<br>Услуга за бон-семејна заштита (згрижување во семејство). | •дипломиран Социјален работник<br>• дипломиран Здравствен работник<br>• дипломиран Дефектолог<br>• физиотерапевт<br>• 2 медицински сестри<br>• хигиеничар<br>• Лични асистенти<br>• Координатор на услуга<br>• Физиотерапевт<br>• Згрижувачки семејства |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **3. Сиромаштија** | 3.1 Невработени млади лица<br>3.2 Активни баратели на работа<br>3.3 Долгорочно невработени лица<br>3.4 Лица со ниски примања<br>3.5 Ниско квалификувани лица | Општинско корисна работа<br>-услуги за упатување и информирање | Општинска администрација<br>ЦСР Берово | Услуги за информирање и упатување<br>-Услуги на советување<br>-Услуги на стручна помош<br>- Услуга за ресоцијализација | -Специјален едукатори<br>-тренинг провајдери<br>- правници<br>- социјален работник |
| **4.** Насилство | 4.1 Семејно насилство врз жени<br>4.2 Семејно насилство врз мажи | Услуги за стручна помош и поддршка<br>- Услуги за советување | Општинска администрација<br>ЦСР Берово | Услуги за стручна помош и поддршка<br>- Услуги за советување<br>- Услуга за привремен престој/регионална услуга | -Правници<br>- Психолог<br>-Социјален работник |
| **5.** Дрога и алкохол | 5.1 Лица зависници од алкохол<br>5. 2 Лица зависници од наркотици и други опојни средства | - услуги за стручна помош и поддршка | Општинска администрација<br>ЦСР Берово | Услуга во Заедницата -<br>Услуга за рехабилитација и реинтеграција | - Социјален работник<br>- Психолог |

4. **Потребни капацитети и поддршка**

| Нова услуга | Форма | Инфраструктура ( постоечка, во изградба , потребна реконструкција, адаптација ) и опрема | Капацитет/опфат ( број на корисници, површина , територија итн) | Извори на финансирање или начин на прибирање на потребните финансиски средства | Планирана соработка со | Време /период на реализација |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Услуга во домот | Помош и нега во домот | Капацитетите на постоечкиот лиценциран провајдер | 70 корисници на територија на општина Берово | МТСП<br>Општински буџет<br>Приватни договори<br>Други донатори | МТСП<br>ОЈУСЗСЛ ,,ДР Иван Влашки"<br>Општина Берово | 36 месеци |
| Услуга во домот | Лична асистенција | Лиценциран давател на социјалната услуга | 10 корисници на територија на општина Берово | МТСП<br>ОКР<br>Општински буџет<br>Други донатори | МТСП<br>УНДП<br>Лиценциран давател на услугата-НВО<br>Општина Берово | 36 месеци |
| Услуга во заедницата | Центар за дневен престој за активно стареење | Реконструкција и адаптација на постоечки простор | Максимум 24 корисници на територија на општина Берово | МТСП<br>Општински буџет<br>Други донатори | МТСП<br>НВО<br>Општина Берово | 36 месеци |
| Услуга во заедницата | Дневен престој за лица со попреченост | Постоечки капацитети на дневниот центар, до адаптација на просторот | Максимум 24 корисници на територија на општина Берово | МТСП<br>Општински буџет<br>Други донатори | МТСП<br>ЦСР – Берово<br>Општина Берово<br>НВО | 36 месеци |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Услуги за советување | Услуга за советување | Центар за советување | Во зависност од бројот на упатени случаеви | МТСП<br>ЦСР Берово<br>НВО | МТСП<br>ЦСР Берово<br>Општина Берово | 36 месеци |
| Услуга за третман и рехабилитација | Давање на социјалната услуга во терапевтска заедница | Терапевтска заедница | Во зависност од бројот на упатени случаеви | МТСП<br>Општина Берово<br>Терапевтска заедница | МТСП<br>ЦСР-Берово<br>НВО | 36 месеци |
| Услуга на вон-семејна заштита | Живеење со поддршка-мал групен дом | Постоечки капацитети до 7 легла | Деца без родители и родителска грижа | МТСП<br>Општински буџет<br>НВО | МТСП<br>ЦСР Берово<br>НВО<br>Општина Берово | 36 месеци |
| Услуга на вон- семејна заштита | Сместување во установа | Отворање на нов блок за нови 24 корисници | Стари лица, стари и изнемоштени, Стари лица со хронични болести | МТСП<br>Општина Берово<br>Други донатори | МТСП<br>ЦСР<br>Општина Берово<br>ОЈУСЗСЛ ,,ДР Иван Влашки" | 36 месеци |
| Услуги на вон-семејна заштита | Згрижување во семејство | Сместување во загрижувачко семејство | Територија на општина Берово и РСМ | | | |

**5. Лиценцирање на даватели на услуги**

Според законот за социјална заштита МТСП издава дозвола за вршење работи од социјалната заштита на правни и физички лица под услови утврдени со овој закон, утврдува стандарди и нормативи за давање на социјални услуги. Соодветно на потребите на новите социјални услуги ќе се врши дополнително лиценцирање согласно со правилниците кои произлегуваат од законот.

Во моментов ОЈУСЗСЛ „ДР Иван Влашки" е единствениот лиценциран давател на социјални услуги и општината се стреми за промоција и поттикнување на повеќе организации да станат и лиценцирани даватели на социјални услуги.